РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: 01/01
Рок на чување: ______ год.
11.07. 2022 година
Петпие,

01.30.34.УП.012.01

# УПАТСТВО ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ

Јули 2022

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 26-07-2022 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Содржина

УПАТСТВО ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ
I. Општи одредби 5
I. 1 Истанбулска Конвенција 5
I.2 Резерви и изјави 6
7
II. Општи одредби за постапката привремен увоз 8
III. Привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки 10
III.1 Транспортни средства 11
III.1.1 Палети 11
III.1.2 Контејнери 12
III.1.3 Други транспортни средства 14
III.2 Лични предмети на патници и стока за спортски цели 19
III.3 Материјали за помош при непогоди 20
III.4 Медицинска, хируршка и лабораториска опрема 21
III.5 Животни 22
III.6 Стока за погранични зони 23
III.7 Носачи на звук, слика или податоци 24
III.8 Рекламен материјал 25
III.9 Професионална опрема 26
III.10 Педагошки материјал и научна опрема 31
III.11 Амбалажа 33
III.12 Калапи, матрици, модели, нацрти, скици, 34
инструменти за мерење, проверка и тестирање 34
и други слични предмети 34
III.13 Специјален алат и инструменти 35
III.14 Стока за тестирање, експерименти или демонстрација 35
III.15 Мостри на стока 36
III.16 Заменувачки производи 37
III.17 Стока за изложби, саеми и слични настани 38

III.18 Стока за продажба за која е потребно одобрување од ........ 39
купувачот ........ 39
III.19 Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети; ........ 40
стока за продажба на аукција ........ 40
III.20 Резервни делови, прибор и опрема ........ 41
III.21 Друга стока ........ 41
IV. Привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на ........ 42
увозни давачки ........ 42
V. Барање и давање на одобрение ........ 43
V.1 Барање/одобрение „со кое било друго дејствие" ........ 44
V.2 Усно барање/одобрение ........ 45
V.3 Барање/одобрение со поднесување на електронска ........ 46
царинска декларација ........ 46
V.4 Барање /Одобрение на образец ........ 47
V.5 АТА/ЦПД карнет ........ 48
V.5.1 Замена на неважечки АТА/ЦПД карнет со нов ........ 51
V.5.2 Постапување со нераздолжени АТА/ЦПД карнети ........ 52
VI. Начини на завршување на постапката ........ 52
VII. Завршни одредби ........ 52

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 67/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директорот на Царинската управа, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредува постапката за привремен увоз, условите за одобрување на привремениот увоз со целосно ослободување од плаќање на давачки и привремениот увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки, барање и давање на одобрение, како и завршување на одобрената постапка.

2. Постапката на привремен увоз е регулирана со:
   - Конвенцијата за привремен увоз (во натамошниот текст: Истанбулска Конвенција)
   - членовите 97-104 и 150-157 од Царинскиот закон (во натамошниот текст ЦЗ);
   - членовите 311-333 и 365-395 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (во натамошниот текст УСЦЗ)
   - членот 27-в од Законот за данокот на додадена вредност (во натамошниот текст Законот за ДДВ)[1].

3. Надлежни царински органи за примена, спроведување на постапката и надзор над постапката се:

- Надзорен царински орган - Служба за надзор на иматели на одобренија, во случаи на издавање на одобренија за привремен увоз на образец Прилог 27 од УСЦЗ и решенија за пресметка на давачки во случај на завршување на привремен увоз со делумно ослободување, и

[1] Конвенцијата за привремен увоз, Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на царинскиот закон со сите измени и дополнувања и Законот за данокот на додадена вредност објавени се како екстерни акти во Депозитарот на документација на Царинската управа

- Царински испостави за ставање на стоката во постапка, за завршување на постапката, давање на одобрение за привремен увоз и следење на одобрените рокови на привремениот увоз.

## I. 1 Истанбулска Конвенција

4. Со Истанбулската Конвенција се поедноставува и унифицира спроведувањето на царинската постапка привремен увоз и според последните објавени податоци на интернет страницата на Светската царинска организација www.wcoomd.org (25.11.2020) ратификувана е од страна на 72 држави.

5. Република Северна Македонија ја ратификува Истанбулската Конвенција во 2006 година објавена во Службен весник на РМ бр. 29/06.

6. Прилози на Истанбулската Конвенција се:
   - Прилог А – Прилог за документите на привремен увоз (АТА Карнети, ЦПД Карнети);
   - Прилог Б.1. – Прилог за стока наменета да биде изложена или употребена за изложби, саеми или слични настани;
   - Прилог Б.2. – Прилог за професионална опрема;
   - Прилог Б.3. – Прилог за контејнери, амбалажа, мостри и друга стока која се увезува во врска со некоја комерцијална дејност;
   - Прилог Б.4.- Прилог за стока увезена за производни дејности;
   - Прилог Б.5. – Прилог за стока увезена за потребите на образованието, науката или културата;
   - Прилог Б.6. – Прилог за лични предмети на патниците и стока увезена за спортски цели;
   - Прилог Б.7. – Прилог за туристички пропаганден материјал;
   - Прилог Б.8. – Прилог за стока увезена во пограничен промет;
   - Прилог Б.9. – Прилог за стока увезена за хуманитарни цели;
   - Прилог В – Прилог за транспортни средства;
   - Прилог Г – Прилог за животни;
   - Прилог Д – Прилог за стока увезена со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и даноци;

## I.2 Резерви и изјави

7. Со ратификацијата на конвенцијата од страна на Република Северна Македонија прифатени се сите прилози.

8. Согласно можноста дадена во членот 29 од Конвенцијата, Република Северна Македонија има дадено 5 (пет) резерви на прилозите на конвенцијата и тоа:

    - Резерва 1 – Република Северна Македонија нема да прифаќа АТА Карнет во поштенскиот сообраќај;
    - Резерва 2 – за одредени случаи при привремен увоз на контејнери, палети, амбалажа, мостри и други стоки кои се увезуваат во врска со некоја комерцијална дејност, ќе биде потребно да се поднесе царински документ или царинска гаранција согласно внатрешните прописи на Република Северна Македонија;
    - Резерва 3 – за привремениот увоз на научна опрема и педагошки материјал, потребно е да се поднесат царински документи за привремен увоз во согласност со внатрешните прописи на Република Северна Македонија;
    - Резерва 4 – при привремен увоз на патнички моторни возила за комерцијална потреба и транспортни средства за приватна употреба, може во определени случаи да биде потребно да се поднесат царински документи и доколку е потребно и царинска гаранција, во согласност со внатрешните прописи на Република Северна Македонија;
    - Резерва 5 - Република Северна Македонија не дозволува делумно ослободување од увозни даноци.

9. Во согласност со членот 24 став 6 од Конвенцијата, Република Северна Македонија, како договорна страна ги има дадено следните изјави и тоа:

    - Во врска со член 8 од Конвенцијата, националното законодавство на Република Северна Македонија го дозволува пренесувањето на правото на користење на постапката привремен увоз на било кое друго лице, под услови наведени во соодветниот член;

- Во согласност со член 2, став 2 и 3 на Прилогот А, Република Северна Македонија ги прифаќа документите за привремен увоз, во постапката на привремен увоз според нејзините националнални закони и прописи, како и за царински транзит;
- Според членот 4 од Прилогот Д, Република Македонија известува дека нејзиното национално законодавство не предвидува список на стоки за привремен увоз со делумно ослободување, но како предуслов за привремен увоз со делумно ослободување се јавуваат следниве услови:
  - стоките не треба да се за конзумирање, вклучувајќи и прехрамбени производи, или
  - користењето на стоките кои се увезуваат да нема негативно влијание на стопанството на земјата, како на пример траењето на нивната употребливост наспроти периодот додека се на територијата на земјата, или
  - користењето на стоките да не предизвикува негативно влијание на животната средина на земјата.

## II. Општи одредби за постапката привремен увоз

10. Поимот „привремен увоз" е пропишан со членот 150 од ЦЗ кој гласи „Со постапката на привремен увоз се овозможува употреба на странска стока во царинското подрачје, со целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и без примена на мерки на трговска политика, ако истата е наменета за повторен извоз во непроменета состојба, освен вообичаеното намалување на вредноста заради нејзината употреба".

11. За примена на постапката привремен увоз потребно е одобрение од надлежниот царински орган.

12. За давање на одобрение потребно е надлежниот царински орган да обезбеди идентификација на увозната стока.

13. Надлежниот царински орган може да даде одобрение за привремен увоз без да обезбеди идентификација на стоката кога заради видот на стоката или дејствијата кои се вршат, одобрувањето на привремениот увоз не доведува до злоупотреба на постапката.

14. За привремено увезената стока важат мерките на трговска политика кои се однесуваат само за внесување на стоката во царинското подрачје на Република Северна Македонија.

15. Привремено увезената стока мора да остане во непроменета состојба. Може да се дозволи поправка и одржување, вклучувајќи ремонт и прилагодување или мерки за зачувување на стоката или обезбедување на нејзината усогласеност со со техничките барања за нејзината употреба во постапката (член 363 став (4) од УСЦЗ).

16. Општо правило е дека стоката може да биде во постапка на привремен увоз најмногу 24 месеци. Во случаи кога постапката на привремен увоз одобрена за ист имател и за иста цел е завршена со ставање на стоката во друга одложувачка постапка и повторно ставање во постапка на привремен увоз за истиот имател, вкупниот рок не може да надмине 24 месеци.

17. Надлежниот царински орган го одредува рокот за повторен извоз во одобрението во согласност со времето потребно за да се постигне целта на привремениот увоз.

18. Во исклучителни случаи, рокот на привремениот увоз може да се продолжи, врз основа на образложено и оправдано барање на имателот до царинскиот орган што го дал одобрението.

19. Привремениот увоз не се дозволува за стока чија употреба предизвикува негативни ефекти врз човековата животна и работна средина.

20. Со примената на ова постапка може да се дозволи целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки.

21. Во случај кога настанал царински долг за увозната стока, износот на долгот се утврдува врз основа на елементите за утврдување на увозните давачки кои важеле за стоката во моментот на прифаќање на царинската декларација за привремен увоз. Настанувањето на царинскиот долг, елементите за утрврдување на давачки, пресметката и наплатата се уредени со Упатството за царински долг[2].

---

2 Упатството за царински долг како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација на царинската управа

## III. Привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки

22. Привремениот увоз со целосно ослободување од плаќање на увозни давачки (во натамошниот текст: привремен увоз) се одобрува во согласност со членовите 367 до 389 од УСЦЗ. Во табелата подолу е даден преглед на стоки за кои може да се одобри привремен увоз со повикување на соодветниот член од УСЦЗ и соодветниот прилог во Истанбулска Конвенција:

| Видови на стока за која може да се одобри привремен увоз | член од УСЦЗ | Истанбулска Конвенција |
|---|---|---|
| Палети; | 368 | Прилог Б.3 |
| Контејнери; | 369 | Прилог Б.3 |
| Други транспортни средства; | 370 - 374 | Прилог В |
| Лични предмети и стока за спортски цели увезени од патници; | 375 | Прилог Б.6 |
| Материјали за помош при непогоди; | 376 | Прилог Б.9 |
| Медицинска, хируршка и лабораториска опрема; | 377 | Прилог Б.9 |
| Животни; | 378 (1) | Прилог Г |
| Стока за употреба во пограничните зони; | 378 (2) | Прилог Б.8 |
| Медиуми - носачи на звук, слики или податоци; | 379 а) | Прилог Б.3 |
| Рекламен материјал; | 379 б) | Прилог Б.7 |
| Професионална опрема: | 380 | Прилог Б.2 |
| Педагошки материјал и научна опрема; | 381 | Прилог Б.5 |
| Амбалажа; | 382 | Прилог Б.3 |
| Калапи, матрици, модели, нацрти, скици, инструменти за мерење, проверка и тестирање и други слични предмети; | 383 (1) | Прилог Б.4 |
| Специјален алат и инструменти; | 383 (2) | Прилог Б.4 |
| Стока која се употребува за тестирање или е предмет на тестови, експерименти или демонстрација; | 384 | Прилог Б.3 |
| Мостри за демонстрација; | 385 | Прилог Б.3 |
| Заменувачки производи додека сличната стока се наоѓа на поправка; | 386 | Прилог Б.4 |

| | | |
|---|---|---|
| Стока за изложби, саеми или слични настани; | 387 (1) | **Прилог Б.1** |
| Стока за продажба за која е потребно одобрување од купувачот; | 387 (2) | |
| Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети за изложби; стока за продажба на аукција; | 387 (3) | |
| Резервни делови, прибор и опрема | 388 | |
| Друга стока | 389 | |

## III.1 Транспортни средства

### III.1.1 Палети

(член 154 ЦЗ, член 368 УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

23. Поимот „палета" значи направа на чија платформа се сместува одредена количина на стока која така создава товарна единица за целите на транспортот на неа, или за ракување или редење со помош на механички уреди. Палетата е изработена од две површини меѓусебно раздвоени со носачи, или од една површина потпрена на ногарки. Нејзината висина е смалена на најмала можна висина која овозможува ракување со дигалка-вилушкар или рачен вилушкар. Палетата може да биде со или без надградба.

24. Најчесто употребуван вид на палети е ЕУРО палета, стандардизирана палета по спецификација на Европската асоцијација за палети (EPAL). Стандардизираната димензија на палетите го овозможува постоењето на системот на замена „палета за палета"

25. Заради стандардноста на димензиите на палетите, идентификацијата не е задолжителна при давањето на одобрение за привремен увоз со целосно ослободување од плаќање на давачки и постапката завршува кога палетите од ист вид и со приближно иста вредност се извезени или повторно извезени.

26. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

27. Начинот и постапката на давање на одобрение и водење евиденција регулирани се со Упатството за привремен увоз и извоз на амбалажа[3].

28. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.1.2 Контејнери

(член 154 ЦЗ, член 369 УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

29. Поимот „контејнер" значи опрема за превоз (отворен контејнер, подвижен резервоар или друга слична направа) која е:

- целосно или делумно затворена и прави дел наменет за сметување на стоката;
- со траен карактер и доволно цврста за да може да се користи повеќекратно;
- специјално дизајнирана за олеснување на превозот на стока, со еден или повеќе видови на средства за транспорт, без потреба од меѓупретовар;
- дизајнирана е за лесно ракување, особено при пренесување од една на друго транспортно средство;
- дизајнирана е лесно да се полни и празни; и
- со внатрешен простор од барем еден метар кубен.

30. Поимот контејнер вклучува и прибор и опрема за контејнер, соодветна на типот на контејнерот, под услов да се превезуваат заедно со контејнерот.

31. Поимот „контејнер" не опфаќа возила, прибор или резервни делови за возила, ниту амбалажа и палети.

32. Привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки се дава за контејнери кога се трајно обележани на соодветно и лесно видливо место со следниве податоци:

---

[3] Упатството за привремен увоз и извоз на амбалажа е објавено како интерен документ во Депозитарот за документација на Царинската управа.

- идентификација на сопственикот или операторот, која може да биде прикажана преку неговото полно име или според воспоставен систем за идентификација. Симболите како амблеми или знамиња се исклучени;
- идентификациски знаци и броеви на контејнерот, кои ги дава сопственикот или операторот; и
- тара тежината на контејнерот, вклучувајќи ја и трајно вградената опрема.

33. Поимот „трајно вградена опрема", дури и ако може да се отстрани, значи:

- опрема за контролирање, измена или одржување на температурата внатре во контејнерот;
- мали уреди, како мерачи на температура, влажност, притисок и сл, за покажување или снимање на промената на условите и влијанијата во контејнерот;
- внатрешни огради, палети, полици, куки и слични направи кои се употребуваат за сместување на стоката.

34. Контејнерите може да се употребат во внатрешниот промет пред да бидат повторно извезени, само еднаш во текот на својот престој на царинското подрачје доколку транспортот го доведе контејнерот до или близу до местото каде стоката за извоз треба да биде натоварена или од каде што контејнерот треба да биде извезен празен.

35. Надлежниот царински орган може да го задолжи лицето на кое му се одобрува привремен увоз, да му даде детални информации за движењето на секој привремено увезен контејнер вклучувајќи ги тука датумите и местата на влез и излез од царинското подрачје, или попис на контејнери со обврска за повторен извоз.

36. Рокот за повторен извоз изнесува најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

37. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

### III.1.3 Други транспортни средства

(член 154 ЦЗ, членови 370-374 УСЦЗ, Прилог В Истанбулска Конвенција)

38. Поимот „транспортни средства" значи секој брод, аероглисери, летала, патни моторни возила (вклучувајќи моторцикли, приколки, полуприколки и комбинација на возила) и возила кои се движат по шини; заедно со нивните нормални резервни делови, прибор и вообичаена опрема која се наоѓа на транспортното средство (вклучувајќи специјална опрема за натовар, истовар, ракување и заштита на товарот).

39. Поимот „транспортни средства" не ги опфаќа велосипедите и тие се сметаат за личен предмет од член 375 од УСЦЗ.

40. Поимот „комерцијална употреба" значи превоз на луѓе за надомест или индустриски или комерцијален превоз на стока, со или без надомест.

41. Поимот „приватна употреба" значи превоз исклучиво за приватни цели на соодветно лице кој исклучува комерцијална употреба.

42. Поимот „внатрешен промет" значи превоз на лица или стока земени или натоварени во царинското подрачје со цел да бидат истоварени или растоварени во истото подрачје.

43. Поимот „нормални резервоари" значи резервоари дизајнирани од производителот за сите транспортни средства од ист тип како транспортните средства во прашање и чие трајно приклучување овозможува директно користење на еден вид погонско гориво, за целите на погонот и, кога е соодветно, за работење на разладните и други системи во текот на транспортот. Резервоарите кои се приклучуваат на транспортните средства, дизајнирани за директна употреба на други горива, како и резервоари кои одговараат на други системи со кои се опремени транспортните средства исто така се сметаат како нормални резервоари. Поимот „нормални резервоари" ги дозволува и изменетите резервоари по производството на транспортното средство како на пример инсталација на друг резервоар за различно гориво и можност за негова употреба за цели различни од погон на транспортното средство, како разладување на товар.

44. Поимот „лице со живеалиште" значи физичко лице кое има постојано живеалиште во едно место повеќе од 183 дена во една календарска година односно живеалиште е местото во кое физичкото лице се населило со намера во него постојано да живее.

45. Привремен увоз на средства за патен, железнички, воздушен и воден транспорт се одобрува кога кумулативно се исполнети следните услови:
   - тие се регистрирани надвор од царинското подрачје на име на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје,
   - се употребуваат од лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје и
   - во случај на комерцијална употреба (со исклучок на средства за железнички транспорт) се употребуваат исклучиво за транспорт кој започнува или завршува надвор од царинското подрачје.

Во случај кога овие транспортни средства повторно се изнајмуваат од страна на друштво за изнајмување со седиште во царинското подрачје, на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје, потребно е повторно да се извезат во рок од 8 (осум) дена од стапувањето во сила на договорот.

Условот танспортните средства да се регистрирани надвор од царинското подрачје претставува обезбедување на повторниот извоз на истите и овозможува поедноставување на спроведувањето на привремениот увоз. Дополнително, регистрацијата служи за разликување на странските транспортни средства (кои се предмет на привремен увоз) од домашните (кои се пуштени во слободен промет) и ги спречува домашните лица да го избегнат плаќањето на увозните давачки и даноци со регистрација на транспортни средства надвор од царинското подрачје.

46. Лица со седиште во царинското подрачје целосно се ослободуваат од плаќање увозни давачки кога:
   - средствата за железнички транспорт се ставени на нивно располагање врз основа на договор со кој секоја мрежа може да користи шински возила на друга мрежа како сопствени;
   - транспортните средства се употребени во итен случај и не се употребуваат подолго од 5 (пет) дена; или
   - транспортните средства се употребени од друштво за изнајмување за повторен извоз во рок не подолг од 5 (пет) дена.

47. Физички лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје се ослободуваат од увозни давачки кога кумулативно се исполнети следниве услови:

- приватно повремено употребуваат транспортни средства
- по упатства на носителот на регистрација
- кој во моментот на употребата е присутен во царинското подрачје.

Носителот на регистрацијата на транспортните средства е лицето на кое му е одобрен привремениот увоз. Физичките лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје делуваат по упатства дадени од носителот на регистрација и тие мора да ги употребуваат транспортните средства согласно целта на одобрениот привремен увоз на носителот на регистрација. Пример за овој вид на привремен увоз е состојба кога носителот на регистрација, заради болест, не може да го управува транспортното средство и физичкото лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје во тој конкретен случај станува носител на привремениот увоз. Повремената приватна употреба значи употреба која доколку не се исполнети кумулативно условите од првиот став не би била одобрена и се случува во исклучителни случаи.

Физичките лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје се ослободуваат за повремена приватна употреба на транспортни средства изнајмени врз основа на писмен договор за:

- да се вратат во нивното место на живеење во рок од 5 (пет) дена од стапувањето во сила на договорот и
- да го напуштат царинското подрачје во рок од 2 (два) дена од стапувањето во сила на договорот.

48. Привремен увоз на транспортни средства кои привремено се регистрираат на царинското подрачје се одобрува во име на следниве лица:

- лице со седиште надвор од царинското подрачје;
- физичко лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје кога истото се подготвува да го смени живеалиштето во место надвор од царинското подрачје и транспортното средство треба да биде повторно извезено во рок од 3 (три) месеци од датумот на регистрацијата.

49. Привремен увоз на транспортни средства кои комерцијално или приватно се употребуваат, се одобрува на:

- физичко лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје
- вработено е од сопственикот на транспортното средство, кое е со седиште надвор од царинското подрачје (или на друг начин овластено е од истото).

Приватната употреба на овие транспортни средства треба да е предвидена во договорот за вработување.

Надлежниот царински орган може да го ограничи привремениот увоз во случај на повеќекратна (систематска) употреба.

50. Рокови за завршување на привремениот увоз на транспортни средства се:

- средства во железнички транспорт - дванаесет месеци;
- транспортни средства (освен железнички транспорт) кои комерцијално се употребуваат за времето потребно за извршување на транспортните операции;
- средства за патен транспорт за приватна употреба од страна на студент за времетраењето на студирањето;
- средства за патен транспорт за приватна употреба од страна на лица кои извршуваат задачи кои имаат определено траење, за времетраењето на извршувањето на задачите;
- средства за патен транспорт за приватна употреба во други случаи, вклучувајќи и животни за јавање или влечни животни и возилата што ги влечат - шест месеци за период од дванаесет месеци ,
- средства во воздушен транспорт за приватна употреба – шест месеци;
- средства за воден транспорт за приватна употрена - осумнаесет месеци.

51. Рокот за завршување на привремен увоз на транспортни средства за патен сообраќај за приватна употреба, шест месеци за период од дванаесет месеци, значи дека на лицето на кое му е одобрен привремениот увоз може да го напушти царинското подрачје еднаш или повеќе пати во рамките на рокот за

привремен увоз од шест месеци. Меѓутоа, по завршување на рокот од шест месеци, транспортните средства за приватна употреба треба повторно да се извезат од царинското подрачје и друг привремен увоз не може да се одобри доколку не помине временски период од шест месеци од денот на повторниот извоз.

52. Редовните постапки на одржување на транспортните средства и поправки настанати како неопходна потреба за време на патувањето кон и внатре во царинското подрачја и кои се извршени за време на одобрениот рок за привремен увоз, не се сметаат за промени на состојбата на транспортното средство. Меѓутоа, причината за влез во царинското подрачје не смее да биде поправка и одржување на транспортните средства. Потребата од поправка и одржување настаната е како неопходност за натамошната употреба на транспортните средства било во комерцијални и приватни цели.

53. За погонското гориво кое се наоѓа во нормалните резервоари на транспортните средства предмет на привремен увоз, како и маслата за подмачкување за редовна употреба на транспортните средства не се наплаќаат увозни давачки и даноци и не се применуваат мерките на трговска политика. Ова ослободување се однесува само на погонското гориво и масла за подмачкување кои се наоѓаат во нормалните резервоари на транспортното средство. Доколку погонското гориво и маслата за подмачкување се наоѓаат во дополнителни резервоари може да се предмет на плаќање на увозни давачки и даноци.

54. За вообичаените резервни делови, прибор и опрема кои се наоѓаат во транспортните средства предмет на привремен увоз, се смета дека и за нив е одобрен привремениот увоз заедно со одобрувањето на привремениот увоз на транспортните средства. Количината на резервни делови која се смета за вообичаена зависи од конкретното патување односно неговата должина и временски период. Опремата на транспортните средства зависи исто така од видот на патувањето и видот на стоката односно опрема која се употребува за натовар, истовар или заштита на стока и која може да биде фиксирана на транспортните средства или истата да отстрани во зависност од потребите.

55. Транспортните средства се декларираат за ставање во постапка усно или со било кое друго дејствие. Надлежниот царински орган може да побара царинска декларација кога е во прашање висок износ на увозни давачки или постои висок ризик за неисполнување на обврските од постапката.

56. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.2 Лични предмети на патници и стока за спортски цели

(член 154 ЦЗ, член 375 УСЦЗ, Прилог Б.6. Истанбулска Конвенција)

57. Поимот „патник" значи секое лице кое привремено влегува во царинското подрачје во кое нема живеалиште или одобрен престој заради туризам, спорт, работа, стручни состаноци, здравје, учење итн.

58. Поимот „лични предмети" значи сите нови или употребувани предмети од кои патникот разбирливо има потреба за негова лична употреба за време на патувањето, земајќи ги предвид целите на патување, исклучувајќи ја притоа стоката која се увезува за комерцијални цели.

59. Поимот „стока увезена за спортски цели" значи спортски реквизити и други предмети наменети за употреба на патникот на спортски натпревари, демонстрирања или наменети за вежбање во царинското подрачје.

60. Привремениот увоз на лични предмети на патникот и стока што е увезена од страна на патници за спортски цели се соодветно регулирани со Упатство за спроведување на царински постапки во патнички промет [4].

61. За да може да се одобри привремен увоз за лични предмети и стока за спортски цели увезена од патници потребно е:

- личните предмети да бидат увезени на патникот или во неговиот багаж (било да пристигнува со патникот или одвоено од него);
- стоката увезена за спортски цели да е во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје и увезена во разумна количина во зависност од нејзината намена.

62. Личните предмети и стока увезена за спортски цели се декларираат за ставање во постапка усно или со било кое друго дејствие. Надлежниот царински орган може да побара царинска декларација кога е во прашање висок износ на

[4] Упатството за спроведување на царински постапки во патнички промет, е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

увозни давачки или постои висок ризик за неисполнување на обврските од постапката.

63. Рокот за завршување на постапката:
   - за лични предмети е времето најдоцна кога лицето го напушта царинското подрачје;
   - за стока за спортски цели е најмалку 12 (дванаесет) месеци.

64. Рокот за завршување на постапката на привремен увоз за стока за спортски цели од најмалку 12 (дванаесет) месеци му овозможува на лицето на кое му се одобрува привремениот увоз доволен временски период кој вклучува период за тренинг и учество во спортски натпревар.

65. Примери за лични предмети: облека, личен накит, преносни компјутери, преносни музички инструменти, детски колички, двогледи, инвалидски колички, преносни апарати за дијализа и слични медицински апарати заедно со потрошен материјал за нивна употреба итн.

66. Примери за стока увезена за спортски цели: опрема за атлетски дисциплини (копја, дискови, ѓулиња, кладива и сл.), опрема за игри со топка (сите видови топки, рекети, палки за голф, сите видови мрежи, стативи за гол и сл.), опрема за зимски спортови (скии и стапови, лизгалки, санки за боб и сл.), опрема за спортови на вода (кануа, кајаци, чамци за едрење и веслање, едра, весла), моторни возила и чамци, спортско оружје итн.

67. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.3 Материјали за помош при непогоди

(член 154 ЦЗ, член 376 УСЦЗ, Прилог Б.9. Истанбулска Конвенција)

68. Материјалите за помош при непогоди претставуваат дел од поимот за „стока увезена за хуманитарни цели“.

69. Поимот „материјали за помош при непогоди“ значи сета стока како возила и други транспортни средства, покривки, шатори, монтажни бараки или друга стока за примарна употреба, која се упатува како помош на оние кои ги погодила природна непогода и слични катастрофи.

70. Заедно со стоката наведена во поимот „материјали за помош при непогоди" може да се случи испраќање на помош како храна и лекови. Бидејќи храната и лековите не се наменети за повторен извоз тие не се опфатени со одредбите за привремен увоз.

71. Во рамките на поимот „материјали за помош при непогоди" опфатени се возила и други транспортни средства, како на пример амбулантни возила кои се испраќаат како помош, но во овој поим не се опфаќаат другите возила и транспорни средства кои ги превезуваат материјалите за помош при непогоди. За нив се применуваат соодветните одредби за привремен увоз на транспортни средства.

72. За да се одобри привремен увоз на материјали за помош при непогоди, стоката мора да е во сопственост на лице со седиште надвор од царинското подрачје и дадена на заем бесплатно.

73. Материјалите за помош при непогоди мора да се наменети за државни органи или други лица овластени од државните органи.

74. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

75. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.4 Медицинска, хируршка и лабораториска опрема

(член 154 ЦЗ, член 377 УСЦЗ, Прилог Б.9. Истанбулска Конвенција)

76. Медицинската, хируршката и лабораториската опрема претставуваат дел од поимот за „стока увезена за хуманитарни цели".

77. Медицинската, хируршката и лабораториската опрема мора да биде наменета за употреба во болници и други медицински установи на кои им е итно потребна поради посебните услови во кои се наоѓаат и таа опрема не е на располагање во доволни количини во царинското подрачје.

78. За да се одобри привремен увоз на медицинска, хируршка и лабораториска опрема, таа мора да е во сопственост на лице со седиште надвор од царинското подрачје и дадена на заем бесплатно.

79. Медицинската, хируршката и лабораториската опрема треба да е наменета за дијагностички и терапевтски цели.

80. Рокот за повторен извоз на медицинска, хируршка и лабораториска опрема се утврдува според потребите.

81. Одобрувањето на рокот за завршување според потребите е со цел да се земат предвид различните околности и потреби под кои таквиот вид на опрема е предмет на привремен увоз. Пример физичка рехабилитација на пациент може да претставува потреба за привремен увоз на опремата со подолг рок.

82. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.5 Животни

(член 154 ЦЗ, член 378 став (1) УСЦЗ, Прилог Г Истанбулска Конвенција)

83. Поимот „животни" ги означува сите живи животни од сите видови.

84. За да се одобри привремен увоз на животни потребно е тие да се во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје.

85. Привремен увоз се одобрува доколку животните се увезуваат за следните цели:

- дресура, обука, одгледување, потковување и вагање, ветеринарен третман, тестирање (на пример во поглед на продажба);
- учество во приредби, изложби, натпревари или демонстрации;
- забава (вклучувајќи циркусни животни)
- патувања (вклучувајќи и животни за придружба на патниците)
- вежбовни активности (полициски кучиња или коњи; кучиња за откривање, кучиња водачи за слепи лица, итн.);
- операции за спасување;
- номадска (транзитна) испаша или испаша;

- извршување работа или транспорт;
- медицински цели (испорака на змиски отров,и слично).

86. Животни, родени од животни ставени во постапка на привремен увоз за време на одобрениот рок, се сметаат за странска стока и истите се ставаат во таа постапка.

87. Животните за влечење кои се користат за обработка на земја во пограничната зона во царинското подрачје, мора да бидат увезени од страна на жители на пограничната зона од пограничната зона соседна со пограничната зона на царинското подрачје.

88. Привремен увоз на животните за влечење и животни увезени за транзитна испаша или испаша на земја која се наоѓа внатре во пограничната зона, се одобрува без поднесување на царински документ и гаранција. Меѓутоа, царинскиот орган може да го услови одобрението на привремен увоз на животни со поднесување на список на стока заедно со писмена изјава за обврзување за повторен извоз.

89. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

90. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.6 Стока за погранични зони

(член 154 ЦЗ, член 378 став (2) УСЦЗ, Прилог Б.8. Истанбулска Конвенција)

91. Поимот „погранична зона" значи дел од царинското подрачје покрај копнената граница, определена согласно важечките прописи, чија површина и граници служат да се разликува пограничниот промет од другиот промет.
92. Поимот „жители на погранична зона" значи лица со живеалиште или постојан престој во пограничната зона.

93. Поимот „пограничен промет" значи увоз на стока помеѓу две соседни погранични зони кој го вршат жители на пограничните зони.

94. За да се одобри привремен увоз таквата стока треба да е наменета за активности специфични за пограничната зона доколку:
   - опремата е во сопственост на лице со седиште односно живеалиште во соседната погранична зона и се употребува од страна на лице со седиште односно живеалиште во пограничната зона (на пример, земјоделска опрема);
   - стоката што се употребува за изградба, поправка или одржување на инфраструктурата во погранична зона под надлежност на јавните органи.

95. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

96. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.7 Носачи на звук, слика или податоци

(член 154 ЦЗ, член 379 а) УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

97. Поимот „стока увезена во врска со некоја комерцијална дејност" значи контејнери, палети, амбалажа, мостри, рекламни филмови, како и секаква стока увезена во врска со некоја комерцијална дејност, а чиј увоз сам по себе не претставува комерцијална дејност.

98. Самиот поим значи дека предметниот вид на стока не е предмет на купопродажба туку се користи за рекламирање на комерцијална стока или за цели на нарачка од комерцијалната стока.

99. Поимот „рекламни филмови" значи снимен визуелен медиум, со или без звук, кој во суштина се состои од слика која го прикажува видот или делувањето на производите или опремата која се става на продажба или наем. Рекламните филмови треба да се погодни за прикажување пред потенцијални купувачи, а не и во јавност и да се увезени во пакет што содржи само една копија од секој филм и кој не претставува дел од поголема пратка на филмови.

100. За да се одобри привремен увоз на овој вид на стока која носи податоци за звук, слика или податоци за електронска обработка на податоци за презентација пред комерцијализација, потребо е да:

- се испорачани бесплатно, или
- овозможуваат запис на звук, синхронизација или копирање.

101. Тие не смеат да бидат предмет на продажба или употреба на вообичаен начин освен за целите на презентација.

102. Примери на стока предмет на овој вид на привремен увоз се:

- снимени и развиени кинематографски филмови, позитиви и други снимени носачи на слика, наменети за прикажување пред нивна комерцијална употреба. Овој вид на стока е наменета само за прикажување на истите пред потенцијални купувачи и исклучено е нивното прикажување на филмски фестивали и слични настани;
- филмови, магнетни ленти, магнетизирани филмови и други носачи на звук или слика, наменети за снимање на звук, звучна монтажа или репродуцирање;
- носачи на податоци. испратени бесплатно. за автоматска обработка на податоци.

103. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

104. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.8 Рекламен материјал

(член 154 ЦЗ, член 379 б) УСЦЗ, Прилог Б.7. Истанбулска Конвенција)

105. Целосно ослободување од плаќање увозни давачки се дава на стока која исклучиво се употребува за рекламни цели.

106. Поимот „туристички пропаганден материјал" значи стока увезена со цел да ја поттикне јавноста да посети друга странска земја, особено заради присуствување на културни, верски, туристички, спортски или стручни состаноци или прикажувања кои таму се одржуваат.

107. За да се одобри привремениот увоз, туристичкиот пропаганден материјал, мора да биде во сопственост на лице со седиште надвор од царинското подрачје и да биде увезен во соодветна количина имајќи ги предвид целите на привремениот увоз и наменетата употреба.

108. Стоката и примерите за кои може да се употребува овој член се наведени во следната нецелосна листа:

- материјал наменет за изложување во канцеларии на акредитирани претставници или соработници назначени од страна на службени национални туристички агенции или на други места одобрени од царинскиот орган: слики и цртежи, врамени фотографии и зголемени фотографии, уметнички книги, уметнички слики, гравури или литографии, скулптури иタписерии и други слични уметнички дела;
- материјал наменет за изложување во излози, на штандови и слични предмети, вклучувајќи и електрична и механичка опрема потребна за таа цел;
- документарни филмови, грамофонски плочи, магнетофонски ленти и други звучни снимки наменети за употреба на приредби каде влезот е слободен, со исклучок на оние чија содржина е за комерцијално рекламирање и оние кои се наоѓаат во општа продажба во царинско подрачје;
- разумен број на знамиња;
- рамки за дијапозитиви, фото-позитиви, модели, дијапозитиви, печатарски слогови, фотографски негативи;
- разумен број на мостри од националното ракотворство, национални носии и слични фолклорни предмети.

109. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

110. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.9 Професионална опрема

(член 154 ЦЗ, член 380 УСЦЗ, Прилог Б.2. Истанбулска Конвенција)

111. Поимот „професионална опрема" значи:

- опрема за печат или за емитување на звук и телевизиско емитување која е потребна за претставниците на печатот, радиото и телевизијата кои го посетуваат царинското подрачје со цел да известуваат, емитуваат или снимаат материјал за одредени програми;
- кинематографска опрема потребна на лице кое го посетува царинското подрачје заради снимање на еден или повеќе филмови;
- секоја друга опрема потребна за вршење на професијата или трговијата на лице кое го посетува царинското подрачје за да изврши одредена работа, со исклучок на опрема што се употребува во индустриско производство, пакување на стока или (освен во случај на рачен алат) за експлоатација на природни богатства, изградба, поправка и одржување на згради или за земјани и слични работи;
- помошни апарати и прибор за горенаведената опрема.

112. Вклучувањето на професионалната опрема од точката 111 алинеја 1 ја има за цел важноста на олеснувањето на слободното движење на новинарите, фотографите, снимателите и другите радиски и телевизиски техничари кои со својата работа го обезбедуваат слободниот проток на информации.

Описниот список за овој вид на професионална опрема опфаќа:

- опрема за печат: лични компјутери, машини за пишување, камери од сите видови, апарати за пренос на слика или звук, снимање или репродуцирање на звук или слики, носачи на звук или слика (празни или снимени), опрема за осветлување, прибор за ракување (касети, експозитометри, објективи, стативи, акумулатори, батериски ремени, полначи на батерии, монитори);
- опрема за емитување на звук: телекомуникациска опрема како предаватели-приемници или предаватели, терминали кои може да се приклучат на мрежа, сателитски врски, опрема за производство на аудио фрекфенција (микрофони, апарати за снимање или репродуцирање на звук), инструменти и апарати за тестирање и мерење (осцилографи, системи за тестирање на магнетофони и видео рекордери, мултиметри, кутии и торби за алат, вектроскопи, видео генератори);
- прибор за ракување (часовници, хронометри, компаси, микрофони, миксети, магнетофонски ленти за звук, генератори, трансформатори,

батерии и акумулатори, полначи за батерии, апарати за затоплување, климатизација и вентилација);

- телевизиска опрема: телевизиски камери, телекино, инструменти и апарати за тестирање и мерење, апарати за пренос и повторен пренос, комуникациски апарати, апарати за снимање и репродуцирање на звук или слика, опрема за осветлување, прибор за ракување, носачи на звук или слика (празни или снимени), „пробни снимки", музички инструменти, костими, украси и други сценски реквизити, постаменти, материјали за шминкање, фенови;
- возила дизајнирани или посебно прилагодени да бидат користени за горенаведените цели како: возила за телевизиски пренос, возила за телевизиска опрема, возила за видео снимање, возила за снимање и репродуцирање на звук, возила за светло и слично.

113. Професионалната опрема од точката 111 алинеја 2, кинематографска опрема, се однесува за сите видови на филмови кои може да се разликуваат по својот жанр како документарни филмови или филмови од забавната индустрија.

Описниот список за овој вид на професионална опрема опфаќа:

- камери од сите видови (филмски и електронски камери);
- инструменти и апарати за тестирање и мерење (осцилографи, систем за тестирање на магнетофони и видео рекордери, мултиметри, кутии и торби за алат, вектроскопи, видео генератори итн);
- камери за подвижно снимање и камери со можност за вертикално поместување;
- опрема за осветлување (рефлектори, конвертори, стативи);
- опрема за монтирање;
- апарати за снимање и репродуцирање на звук или слика (магнетофони и видео рекордери, видео плеери, микрофони, миксети, звучници);
- носачи на звук или слика, празни или снимени (филмски шпици, сигнали за повикување на станица, музички инсерти итн);
- „пробни снимки" (краткометражни позитиви произлезени од негативи испратени за развивање веднаш по снимањето на сцената со цел да се проверат резултатите од снимената сцена);

- прибор за ракување (часовници, хронометри, компаси, микрофони, миксети, магнетофонски ленти за звук, генератори, трансформатори, батерии и акумулатори, полначи за батерии, апарати за затоплување, климатизација и вентилација);
- музички инструменти, костими, украси и други сценски реквизити, постаменти, материјали за шминкање, фенови (иако не се во целост кинематографска опрема тие се неопходни при снимањето на филмот);

114. Професионалната опрема од точка 111 алинеја 3 вклучува:

- опрема за подигање, тестирање, ставање во погон, проверка, контрола, одржување или поправање на машини, постројки, транспортни средства како: алати, опрема и инструменти за мерење, проверка или тестирање (на температура, притисок, растојание, висина, површина, брзина итн), вклучувајќи и електрични инструменти (волтметри, амперметри, кабли за мерење, компаратори, трансформатори, инструменти за снимање итн) и стеги; опрема и апарати за фотографско снимање на машини и постројки за време и после нивното монтирање; апарати за истражување на бродови;
- опрема која е неопходна за деловни луѓе, стручни лица, деловни советници, сметководители и слично како: лични компјутери, машини за пишување, апарати за пренос, снимање или репродуцирање на звук или слика, инструменти и апарати за сметање.
- опрема неопходна на стручни лица кои вршат топографски или геофизички истражувања како: инструменти и апарати за мерење, опрема за дупчење, апарати за пренос и комуникација;
- опрема неопходна за стручни лица задолжени за борба против загадување;
- инструменти и апарати неопходни на лекари, хирурзи, ветеринарни хирурзи, бабици и лица со слични занимања;
- опрема неопходна на експерти од археологија, палеонтологија, географија, зоологија и други научници;
- опрема неопходна на забавувачи, театарски групи и оркестри, како и сите предмети кои се употребуваат за јавни или приватни прикажувања (музички инструменти, костими, сценографија и сл.);

- опрема неопходна на предавачите заради илустрирање на нивните излагања;
- опрема неопходна за фотографирање (разни фотографски апарати, касети, експозиметри, објективи, стативи, акумулатори, батериски ремени, полначи на батерии, монитори, опрема за осветлување, модна стока и прибор за модели, итн);
- возила дизајнирани или посебно прилагодени да бидат користени за горенаведените цели како: подвижни единици за испитување, возила-работилници и возила-лаборатории.

115. Во рамките на другата професионална опрема предвидени се исклучоци. Целта на постоењето на тие исклучоци е заштита на домашната индустрија и вработувањата во царинското подрачје.

- Првиот исклучок се однесува на опрема која се употребува во индустриско производство или пакување на стока. Овој исклучок не се однесува на опрема која е неоходна за составување на машини или постројки кои се расклопени заради поедноставен транспорт на истите.
- Вториот исклучок се однесува на опрема која се употребува за експлоатација на природните богатства. Овој исклучок, вклучувајќи и рачен алат, не се однесува на опрема за испитување и истражување на природните богатства туку само на онаа опрема која се употребува за експлоатација на истите.
- Третиот исклучок се однесува на опрема за изградба, поправка или одржување на згради, освен рачен алат.
- Четвртиот исклучок се однесува на земјени работи или слични проекти кои вклучуваат како изградба, поправка и одржување на брани, мостови, патишта, пристаништа, канали или тунели.

116. За да се одобри привремениот увоз на професионалната опрема, опремата треба да е:

- во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје;
- увезена или од лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје или од вработен кај сопственикот, кој може да има живеалиште или одобрен престој во царинско подрачје и

- се употребува од страна на увозникот или под негов надзор, освен во случаи на аудио - визуелна копродукција.

117. Условот наведен во точката 116 алинеја 3 не се применува во случај кога професионалната опрема за производство на филм, телевизиска програма или аудиовизуелни работи се дел од копродукциски договор во кој едната од страните е лице со седиште во царинското подрачје и кој што е одобрен од стана на надлежен орган врз основа на меѓудржавна спогодба за копродукција.

118. Привремен увоз не се одобрува доколку кинематографската опрема, опремата за печат или телевизиско емитување е предмет на закуп или сличен договор во која една од страните е лице со седиште во царинското подрачје, освен во случаи на заеднички програми меѓу две или повеќе земји.

119. За опремата која не ги исполнува кумулативно условите од член 380 став (1) од УСЦЗ може да се одобри привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки.

120. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

121. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.10 Педагошки материјал и научна опрема

(член 154 ЦЗ, член 381 УСЦЗ, Прилог Б.5. Истанбулска Конвенција)

122. Поимот „педагошки материјал и научна опрема" значи: сите модели, инструменти, апарати, машини или прибор кои се употребуваат за научни истражувања или за образование или за професионално оспособување.

123. Поимот „педагошки материјал и научна опрема" опфаќа широк спектар на видови на стока кои имаат заедничка карактеристика а тоа е целта на привремениот увоз односно истата се употребува исклучиво за педагошки и научни цели. Ист вид на стока може да претставува и стока за научно истражување или стока за професионална педагошка обука. Лабораториските животни и потрошната стока која се употребува за време на истражувањето се исклучени од овој вид на привремен увоз.

124. Привремениот увоз се одобрува и на резервните делови на педагошкиот материјал и научна опрема, за кои веќе е одобрен претходно привремен увоз, како и за алати специјално наменети за одржување, проверка, баждарење или поправка на таквата опрема.

125. Привремен увоз се одобрува кога педагошкиот материјал и научната опрема се:
- во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје;
- увезени од страна на јавни или приватни научни установи, образовни установи или установи за стручна обука кои во суштина се непрофитни и се употребуваат исклучиво за образовни цели, стручно обучување или научно истражување под нивна одговорност;
- увезени во разумен број, имајќи ја предвид целта на привремениот увоз; и
- не се употребува во чисто комерцијални цели.

126. Условите за одобрување на привремениот увоз од претходната точка кумулативно треба да бидат исполнети.

127. Описниот список на педагошки материјал опфаќа:
- апарати за снимање и репродуцирање на звук или слика како: проектори за дијапозитиви и диафилмови, кинематографски проектори, графоскопи, интерна телевизиска опрема итн;
- звучни и визуелни материјали како: дијапозитиви, микрофилмови, кинематографски филмови, материјал за снимање на звук, видеоленти;
- специјален материјал како: библиографска опрема и аудиовизуелен материјал за библиотеки, подвижни библиотеки, опрема за симултано преведување, механички или електронски програмирани машини за подучување, материјал специјално наменет за образование и стручно оспособување на хендикепирани лица;
- друг материјал како: ѕидни географски карти, модели, нацрти, графици, планови, слики и цртежи;
- инструменти, апарати и модели за потребите на демонстрирањето;
- комплети кои содржат визуелни и аудитивни педагошки информации, наменети за подучување во наставните предмети (наставни комплети);

- инструменти, апарати, алати и машински алати за техничка или занаетчиска настава;
- опрема, вклучувајќи и возила специјално приспособени или дизајнирани за употреба во операции на давање на помош, коишто се увезени за обука на лицата вклучени во операциии за давање помош;
- друга стока увезена во врска со образовна, научна или културна активност како: костуми и помошен сценски материјал бесплатно испратен со обврска за враќање до драмски здруженија или театри, музички партитури испратени бесплатно на музички театри или оркестри.

128. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

129. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

### III.11 Амбалажа

(член 154 ЦЗ, член 382 УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

130. Поимот „амбалажа" значи сите предмети и материјали кои се користат или можат да се користат во оној облик кој се увезени за пакување, заштита, редење или одделување на стока, со исклучок на амбалажни материјали како што се слама, хартија, стаклена волна, струготини и слично во случај кога се увезени во големи количини.

131. Поимот „амбалажа" опфаќа широк спектар на видови на стоки кои се посебно дизајнирани за чување на стока, изработени од различни материјали, форми, големина и вредност. Поимот „амбалажа" не се однесува на пакувања кои не се соодветни за повторна употреба.

132. Од значење е амбалажата да се користи во оној облик во кој била увезена, што значи дека предмет на привремен увоз не може да биде амбалажа која во царинското подрачје треба да се доработи или облагороди за целите на пакувањето.

133. Привремен увоз се одобрува кога амбалажата:
- која се увезува полна, при повторен извоз се извезува празна или полна или

- која се увезува празна, при повторен извоз се извезува полна.

134. Амбалажата може да биде повторно извезена само од лице на кое му бил одобрен привремениот увоз. Не може, дури ни повремено, да биде користена во внатрешниот промет.

135. Начинот и постапката на давање на одобрение и водење евиденција регулирани се со Упатството за привремен увоз и извоз на амбалажа.

136. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

137. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.12 Калапи, матрици, модели, нацрти, скици, инструменти за мерење, проверка и тестирање и други слични предмети

(член 154 ЦЗ, член 383 став (1) УСЦЗ, Прилог Б.4. Истанбулска Конвенција)

138. Поимот „стока увезена за производни дејности" значи
    - матрици, блокови, плочи, калапи, цртежи, проекти, модели и други слични предмети;
    - инструменти за мерење, контрола, проверка и други слични предмети;
    - специјални алати и инструменти (дадени во дел III.13).

139. Овој вид на привремен увоз ја опфаќа стоката која се употребува во производствениот процес, но не и стоката која се произведува како репро материјалите.

140. Привремениот увоз се одобрува доколку се исполнат кумулативно следниве услови:
    - стоката е во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје, и
    - се употребува во производство од лице со седиште, живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје и најмалку 75% од производството кое произлегува од нивната употреба се извезува.

141. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

142. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

### III.13 Специјален алат и инструменти

(член 154 ЦЗ, член 383 став (2) УСЦЗ, Прилог Б.4. Истанбулска Конвенција)

143. Специјалниот алат и инструменти се дел од поимот „стока увезена за производни дејности".

144. Привремениот увоз се одобрува доколку се исполнат кумулативно следниве услови:
   - стоката е во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачје, и
   - стоката е ставена на бесплатно располагање на лице со седиште, живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје за производство на стока која целосно се извезува.

145. Рокот за повторен извоз е најмалку 12 (дванаесет) месеци од денот на привремениот увоз.

146. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

### III.14 Стока за тестирање, експерименти или демонстрација

(член 154 ЦЗ, член 384 УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

147. Стоката за тестирање, експерименти или демонстрација е дел од поимот „стока увезена во врска со некоја комерцијална дејност" чиј увоз сам по себе не претставува комерцијална дејност. Тоа значи дека овој вид на стока не претставува предмет на продажба туку се увезува за тестирање или демонстрација со цел да се склучат комерцијални договори во иднина.

148. Стоката за тестирање, експерименти или демонстрација не смее да се користи за дејности чија цел е остварување на добивка.

149. Привремениот увоз се одобрува за следните видови стоки:
- стока која е подложна на тестирање, експерименти или демонстрирање;
- стока на која треба да се изврши тестирање, согласно купопродажен договор, кој содржи клаузула за пробен рок, и кое тестирање навистина се извршува;
- стока кој се употребува за вршење тестирање, експерименти или демонстрирање без финансиска добивка.

150. Рокот за повторен извоз на стока која е предмет на тестирање согласно договор за купопродажба е 6 (шест) месеци, додека стоката за тестирање, експерименти и демонстрација е најмалку 6 (шест) месеци, од денот на привремениот увоз.

151. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата, освен стоката за која е одобрен привремен увоз од точка 149 алинеја 2.

## III.15 Мостри на стока

(член 154 ЦЗ, член 385 УСЦЗ, Прилог Б.3. Истанбулска Конвенција)

152. Мострите на стока се дел од поимот „стока увезена во врска со некоја комерцијална дејност" чиј увоз сам по себе не претставува комерцијална дејност.

153. Поимот „мостри" значи предмети за презентација на одредена категорија на веќе произведена стока или се примерок на стока за која се планира за производство во иднина, меѓутоа не вклучува идентични примероци кои се внесени од исто лице или испратени на еден примач во толкава количина што земена целосно повеќе не претставуваат мостри според вообичаената трговска смисла.

154. Поимот „мостри" ја опфаќа онаа стока која е наменета  за прикажување или демонстрација, примерок од веќе произведена стока или природни производи како зрнести производи, минерали и сл.

155. Единствено ограничување кој вид може да претставува мостра е квантитативното ограничување кое треба да биде во разумни количини и не претставуваат комерцијална употреба.

156. Мострите мора да бидат во сопственост на лице кое има седиште или живеалиште надвор од царинско подрачјето и мора да бидат увезени со една единствена цел да бидат прикажажани или да бидат предмет на презентирање во царинското подрачје, со цел да се остварат нарачки на стока што ќе биде увезена во иднина.

157. Мострите не смеат да бидат продавани или употребени на друг начин освен за целите на прикажување или демонстрација, издавани или за истите да се добие некаков надоместок за време додека се наоѓаат на царинското подрачје.

158. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

159. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

### III.16 Заменувачки производи

(член 154 ЦЗ, член 386 УСЦЗ, Прилог Б.4. Истанбулска Конвенција)

160. Заменувачките производи претставуваат дел од поимот „резервни средства за производство" и претставуваат стока како инструменти, апарати и машини кои добавувачот или оној кој е задолжен за поправка ги дава на располагање на купувачот за време на испорака или поправка на таквата стока.

161. Употребата на заменувачките производи се овозможува привремено и бесплатно на лице со седиште во царинското подрачје на негова иницијатива или иницијатива на добавувачот на заменувачките производи до испораката или поправката на слична стока.

162. Заменувачките производи претставуваат стока која се употребува во производствениот процес, но не и стока која треба да се произведе или облагороди како репроматеријал.

163. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

164. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.17 Стока за изложби, саеми и слични настани

(член 154 ЦЗ, член 387 став (1) УСЦЗ, Прилог Б.1. Истанбулска Конвенција)

165. Поимот „настан“ значи:
- трговска, индустриска, земјоделска или занаетчиска изложба, саем или слично прикажување или изложување;
- изложба или средба организирана првенствено за добротворни цели;
- изложба или средба организирана првенствено за промоција на некој дел од студиите, уметноста, занаетчиството, спортот, образовните или културните активности, промоција на религиозни сознанија или пракси, промоција на туризмот или пријателството меѓу луѓето;
- средби на претставници на некоја меѓународна организација или меѓународна група на организации; или
- церемонии и приредби од службен или комерцијален карактер.

166. Од поимот „настан“ исклучени се изложби организирани за приватни цели во трговски или деловни простории заради продажба на странска стока.

167. Привремениот увоз се дозволува за следниве видови на стока:
- стока наменета за изложување или прикажување на некој настан
- стока наменета за употреба во врска со изложување на странски производи при некој настан, вклучувајќи и:
  - стока потребна за демонстрирање на странски машини или апарати кои се изложени,
  - конструкции и материјали за декорација, вклучувајќи и електрична опрема наменета за уредување на привремените изложбени простори на странски излагачи,

  - рекламен и надгледен материјал за прикажување кој се користи за јавно прикажување на изложената странска стока, како звучни и видео снимки, филмови и дијапозитиви, како и апарати за нивна употреба.
- опрема која вклучува опрема за преведување, апарати за снимање на звук и слика, филмови од образовен, научен и културен карактер наменети за употреба на меѓународни средби, конференции или конгреси.

168. Услов за одобрување на привремен увоз на горенаведена стока е истата да е во разумен број и количина во согласност со целите на привремениот увоз имајќи ја предвид природата на настанот, бројот на посетители, бројот на учесници и слично.

169. Стоката за која е одобрен привремениот увоз не може да биде позајмувана или употребена на кој било начин на изнајмување или добивање на надомест за тоа и таа не може да биде пренесувана од местото каде се случува настанот.

170. Рокот за повторен извоз е најмалку 6 (шест) месеци од денот на привремениот увоз.

171. Царинскиот орган може, во случаи кога истата стока треба повторно да биде изложувана во некој подоцнежен настан во царинското подрачје, да дозволи рок за повторен извоз од 1 (една) година од денот на привремениот увоз.

172. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.18 Стока за продажба за која е потребно одобрување од купувачот

(член 154 ЦЗ, член 387 став (2) УСЦЗ)

173. Целосно ослободување од увозни давачки се дава за стока за која е потребно одобрување од купувачот.

174. Овој вид на привремен увоз се однесува за стока кога таа не може да се увезе како мостра и испраќачот од своја страна сака да ја продаде стоката, а купувачот може да одлучи да ја купи по извршената проверка.

175. Рокот за повторен извоз е 2 (два) месеци од денот на привремениот увоз.

176. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.19 Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети; стока за продажба на аукција

(член 154 ЦЗ, член 387 став (3) УСЦЗ)

177. Целосно ослободување од увозни давачки се дава за уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети увезени за изложување, а со цел за можна продажба.

178. Целосно ослободување од увозни давачки се дава и за стока, освен ново произведена, увезена со цел за нејзина може продажба на аукција.

179. Поимот „уметничко дело" значи:

- слики, колажи и слични декоративни плочи, слики и цртежи целосно изработени од уметникот, рачно украсени произведени предмети, театарска сценографија, позадински платна за студио и слично од сликано платно;
- оригинални гравури, графики и литографии;
- оригинални скулптури и статуи, од кои било материјали, целосно изработени од уметникот, калапи за скулптури (до 8 копии);
- таписерии и ѕидни покривки, рачно изработени по оригинални нацрти од уметникот (не повеќе од 8 копии од секоја);
- поединечни керамички парчиња во целост изработени од уметникот и кои носат негов потпис;
- слики на бакар целосно рачно изработени (ограничено на 8 нумерирани копии) кои носат потпис од уметникот (со исклучок на накит, златни и сребрени предмети);
- фотографии снимени од уметникот, потпишани и нумерирани (ограничено на 50 копии во сите големини и рамки).

180. Поимот „колекционерски предмети" значи:

- поштенски или таксени марки, поштенски жигови, писма со веќе втиснати марки и слично со однапред платена поштарина;
- колекции и колекционерски предмети од зоолошко, ботаничко, менералошко, анатомско, историско, археолошко, палеонтолошко, етнографско или нумизматичко значење.

181. Поимот „антиквитети" значи предмети кои не се уметнички предмети или колекционерски предмети, а се постари од 100 години.

182. Рокот за повторен извоз е најмногу 24 (дваесет и четири) месеци од денот на привремениот увоз.

183. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## III.20 Резервни делови, прибор и опрема

(член 154 ЦЗ, член 388 УСЦЗ)

184. Целосно ослободување од увозни давачки се дава кога резервните делови, прибор и опрема се употребуваат за поправка и одржување, вклучувајќи и ремонт, прилагодување и зачувување на стоката која е ставена во постапка на привремен увоз.

185. Рокот за повторен извоз е најмногу 24 (дваесет и четири) месеци од денот на привремениот увоз.

186. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## III.21 Друга стока

(член 154 ЦЗ, член 389 УСЦЗ)

187. Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за други видови стока различна од горенаведените или стока што не ги исполнува гореспоменатите услови за целосно ослободување доколку:

- се увезува повремено и за рок не подолг од 3 (три) месеци или

- во посебни случаи кои немаат економски ефект.

188. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет се пресметува компензаторна камата.

## IV. Привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки

(членови 155 и 156 ЦЗ, Прилог Д Истанбулска Конвенција)

189. Поимот „делумно ослободување" значи ослободување од плаќање на дел од износ на увозни давачки кои би биле платени доколку стоката била пуштена во слободен промет на денот кога била ставена во постапка на привремен увоз.

190. Постапката на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки се одобрува за:
    - стока која не е опфатена со одредбите за привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки од член 154 од ЦЗ или
    - стока која е опфатена со одредбите за привремен увоз со целосно слободување од увозни давачки, но не ги исполнува условите за одобрување на привремен увоз со целосно ослободување.

191. За да се примени постапката привремен увоз со делумно ослободување стоката мора да биде во сопственост на лице со седиште или живеалиште надвор од царинското подрачја.

192. Согласно резервата дадена на Истанбулската Конвенција и член 156 став (1) од ЦЗ, износот на увозните давачки кој се плаќа за стока ставена во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки е 3% од износот на увозните давачки кои би се наплатиле доколку истата стока би била пуштена во слободен промет на денот кога таа е ставена во постапка на привремен увоз, за секој месец или дел од месецот во кој стоката е ставена во постапка на привремен увоз со делумно ослободување. Во моментот на започнување на привремениот увоз се плаќа ДДВ за предметната стока.

193. Износот на увозните давачки кои се наплаќаат не смее да го надмине износот кој би се наплатил доколку стоката била пуштена во слободен промет на денот на ставањето на истата, во постапка на привремен увоз. Во овој износ не се вклучуваат каматите.

194. Рокот за повторен извоз на стоките увезени со делумно ослободување зависи од временскиот период потребен за исполнување на целта на привремниот увоз, а не треба да го надмине плаќањето на давачките од точка 193.

195. Постапката за делумно ослободување од увозни давачки не може да се одобри за:

- потрошна стока;
- стока што се употребува за консумирање, вклучувајќи и прехрамбени производи, пијалоци и тутун;
- стока чијашто употреба има негативни последици врз човековата животна и работна средина.

196. Во моментот на ставање на стоката во постапка на привремен увоз со делумно ослободување потребна е гаранција за износот на можниот царински долг.

197. По завршување на постапката на привремен увоз со делумно ослободување надзорниот царински орган изготвува решение за пресметка на 3% од увозните давачки за секој месец или за дел од месецот додека стоката била во царинското подрачје, на начин и постапување пропишани во Упатството за царински долг.

198. Во случај на завршување на постапката привремен увоз со пуштање на стоката во слободен промет не се пресметува компензаторна камата.

## V. Барање и давање на одобрение

199. Лицето кое има намера привремено да ја употребува стоката или да ја организира нејзината привремена употреба треба да има одобрение за привремен увоз од царинскиот орган.

200. Постапката на привремен увоз може да се бара и одобри преку следниве видови видови барања/одобренија:

- Барање/одобрение „со кое било друго дејствие",
- Усно барање/одобрение,
- Барање/одобрение со поднесување на електронска царинска декларација,

- Одобрение на образец,
- АТА карнет.

## V.1 Барање/одобрение „со кое било друго дејствие"

201. Согласно член 139 и 140 од УСЦЗ привремен увоз се бара/одобрува „со кое било друго дејствие" односно конклудентно дејство за следната стока:

    - лични предмети увезени од патници и стока увезена од патници за спортски цели, согласно член 375 од УСЦЗ.
    - траспортни средства од член 368 до 373 од УСЦЗ.

202. Се смета дека барањето за привремен увоз е поднесено и одобрението е дадено во моментот на увоз со:

    - минување низ зелен канал или канал „ништо за декларирање" кај царинските органи кои работат со двоканален систем; или
    - минување низ царинскиот орган кој не работи со двоканален систем без изготвување на царинска декларација по сопствена иницијатива;
    - самиот чин на преминување на царинската линија со која е обележано царинското подрачје.

203. Поднесувањето на барање „со кое било друго дејствие" значи дека стоката е ставена на увид на царинскиот орган, дека е прифатена царинска декаларација од царинскиот орган и е одобрено пуштање на стоката во моментот на извршување на дејството од претходната точка.

204. Кога имателот на одобрение повторно ја извезува стоката, истата може да се декларира за повторен извоз „со кое било друго дејствие". Доколку стоката била пријавена (за привремен увоз или повторен извоз) „со кое било друго дејствие" и потоа е откриено дека не е исполнет условот од член 139 од УСЦЗ, се смета дека стоката била привремено увезена/повторно извезена бесправно.

205. Согласно член 390 од УСЦЗ, во случаите кога барањето/одобрението е поднесено „со кое било друго дејствие", царинскиот орган може да побара усна или електронска царинска декларација, доколку:

    - износот на царинските давачки е висок или

- постои сериозен ризик на неисполнување на обврските од постапката.

## V.2 Усно барање/одобрение

206. Согласно член 136 и 312 став (3) втор потстав од УСЦЗ барање за одобрение може да биде и усна царинска декларација за привремен увоз која ја изготвува царинскиот службеник во електронска форма во СОЦДАД.

207. Еден примерок од изготвената усна декларација царинскиот службеник печати во хартиена форма, го оверува со печат од царинската испостава и го дава на имателот на одобрение како доказ за одобрениот привремен увоз и рокот во кој постапката треба да се заврши.

208. Усната декларација може да се употребува за следната стока:
- живи животни и опрема од член 378 од УСЦЗ;
- амбалажа од член 382 точка а) која на себе има трајни ознаки на лицето регистрирано надвор од царинското подрачје;
- опрема за радио и телевизиска продукција и емитување и опремени возила специјално прилагодени за таквата намена, како и нивната опрема привремено увезена од страна на јавни или приватни организации регистрирани надвор од царинското подрачје со одобрение од страна на царинскиот орган;
- инструменти и апарати потребни на доктори за укажување на медицинска помош на пациенти кои чекаат трансплантација на органи, согласно член 380 од УСЦЗ;
- лични предмети увезени од патници и стока кои се увезени од патници за спортски цели, согласно член 375 од УСЦЗ;
- транспортни средства од член 368 до 373 од УСЦЗ;
- друга стока, кога тоа е одобрено од царинскиот орган.

209. Надлежната царинска испостава која го одобрува привремениот увоз со употреба на усна декларација го следи одобрениот рок на привремен увоз и ги презема сите мерки за правилно завршување на постапката.

210. Кога имателот на одобрение за привремен увоз, повторно ја извезува стоката, истата може да биде предмет на усна декларација за повторен извоз.

### V.3 Барање/одобрение со поднесување на електронска царинска декларација

211. Согласно член 312 став (3) точка в) од УСЦЗ, барањето за одобрение за привремен увоз може да се поднесе преку поднесување на царинска декларација.

212. Прифаќањето на царинската декларација претставува давање на одобрение за привремен увоз.

213. Електронската декларација може да се употреби за сите видови стока декларирани за привремен увоз со целосно или делумно ослободување.

214. Електронската декларација се поднесува кај царинскиот орган кој е надлежен за местото каде стоката ќе се употребува каде што се води главното книговодство на увозникот или местото каде што се врши привремената употреба на стоката.

215. Начинот и постапката на поднесување на царинската декларација уредена е со Упатството за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци[5] и пополнување на царинската декларација согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација[6].

216. Надлежната царинска испостава која го одобрува привремениот увоз со употреба на електронска декларација го следи одобрениот рок на привремен увоз и ги презема сите мерки за правилно завршување на постапката.

217. При ставање на стоките во постапка на привремен увоз со царинска декларација потребно е обезбедување на долгот со гаранција, освен во случаи од Прилог 55 од УСЦЗ.

---

[5] Упатството за царинење на стока со царинска декларација поднесена со употреба на техника за електронска обработка на податоци како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација на Царинската управа

[6] Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат , како екстерен акт е објавен во Депозитарот на документацијата на царинската управа

## V.4 Барање /Одобрение на образец

218. Барањето за одобрение го поднесува лице кое има намера да ја употребува стоката привремено или е организатор на употребата на стоката со пополнување на образец од Прилог 27 од УСЦЗ во електронска форма во СОЦДАД, модул МЕОС.

219. Барањето со комплетната документација се поднесува до надзорниот царинскиот орган кој е надлежен според местото каде стоката, предмет на привременот увоз, ќе се употребува.

220. Кон барањето се приложуваат и дополнителни докази или документи за податоците со кои се докажуваат условите за давање на одобрение.

221. Кога се исполнети условите за давање на одобрението, клиент координаторот го подготвува истото, согласност дава раководителот на надзорниот царински орган и се одобрува од управникот на надлежната царинарница. Со издавањето на одобрението барањето во модулот МЕОС е во статус „Одобрено".

222. Доколку подносителот на барањето не ги исполнува условите надлежната царинарница го одбива барањето и изготвува Решение на Образец – одлуки и решенија од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[7]. Во модулот МЕОС, клиент координаторот, ја пополнува контролната листа (резултатите од проценка) и причината за одбивање на барање и продолжува со дејството со што статусот на барањето е „Предлог за одбивање на барање" и добива статус „Барањето е одбиено".

223. Со одобрување во модулот МЕОС му се доделува единствен број на одобрението (AUN) кој имателот го користи при комуникација со царинските органи.

224. Овој вид на одобрение соодветен е за лице кое редовно увезува стока за привремен увоз.

---

[7] Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација во Царинската управа

225. Надзорниот цариски орган формира досие за имателот на одобрение и врши надзор над правилно спроведување на постапката.
226. Имателот на одобрение е одговорен за обезбедување на гаранција за можниот цариски долг.

## V.5 АТА/ЦПД карнет

227. Поимот „документи за привремен увоз" согласно Прилог А од Истанбулската Конвенција значи меѓународен цариски документ кој е прифатен како цариска декларација и кој овозможува идентификација на стоката (вклучувајќи и транспортни средства) и кој содржи меѓународно призната гаранција за обезбедување на увозните давачки и даноци.
Меѓународни цариски документи се АТА и ЦПД карнетите.

228. „АТА карнет" значи документ за привремен увоз кој се користи за привремен увоз на стока, со исклучок на транспортни средства.

Самото значење на акронимот АТА е комбинација на првите букви од француските зборови „admission temporaire" и англиските зборови „temporary admission".

Употребата на АТА карнет исклучува транспортни средства за комерцијална или приватна употреба од членовите 370-374 од УСЦЗ односно Прилогот В од Истанбулската Конвенција. Нерегистрирани возила кои се превезуваат на транспортни цела како на пример коли за трка натоварени на камион може да бидат опфатени со АТА карнет и за нив да се побара постапката привремен увоз.

229. „ЦПД карнет" значи документ за привремен увоз кој се користи за привремен увоз на транспортни средства.

Акронимот ЦПД потекнува од француските зборови „carnet de passages en douane" и се применува за привремен увоз на патни моторни возила од членовите 370-374 од УСЦЗ односно Прилогот В од Истанбулската Конвенција, наменети за транспорт кој пристига во царинското подрачје.

230. Поимот „здружение гарант" значи одобрено здружение од царинскиот орган да гарантира за износот од увозни давачки, даноци и други износи кои може да

настанат од непочитување на условите на привремениот увоз, со седиште во царинското подрачје и истото е дел од гарантниот синџир.

Здружение гарант во Република Северна Македонија за АТА карнет е Стопанската Комора на Северна Македонија.

231. АТА карнетот претставува олеснување во спроведување на царинсаката постапка привремен увоз на сите видови стока (освен транспортни средства) од причина што ги отстранува потешкотиите при поднесување на царинска декларација во форма прифатена во царинското подрачје во моментот на увоз, претставува обезбедување на евентуалниот царински долг во случај стоката повторно да не се извезе.

232. АТА карнетот се прифаќа за сите видови стока (освен транспортни средства) која се превезува преку сите видови на сообраќај (освен поштенски сообраќај) и доколку стоката ги исполнува условите пропишани за соодветниот вид на привремен увоз.

233. АТА/ЦПД карнетот се прифаќа кога е издаден од страна на договорна страна на Истанбулската Конвенција и заверен од страна на царинскиот орган.

234. Иако АТА/ЦПД карнетот се употребува како олеснување на постапката привремен увоз тој се употребува и како извозен документ на стоката во земјата од која стоката е првично извезена. Оттаму, АТА/ЦПД карнетот содржи листови за извоз и повторен извоз.

235. АТА/ЦПД карнетот е со важност од една година од денот на неговото издавање. Рокот на важност на карнетот не треба да се поистоветува со рокот на привремен увоз на стоката кој го одобрува царинскиот орган во зависност од видот на стоката односно основот на привремениот увоз. Рокот за завршување на постапката не смее да го надмине рокот на важност на АТА/ЦПД Карнетот

236. Во случаите кога се очекува дека постапката привремен увоз ќе трае подолго од важноста на документот за привремен увоз, здружението издавач на документот може да издаде документ за замена, кој се поднесува кај царинскиот орган. Кога документот за замена е прифатен од царинскиот орган, се раздолжува документот кој се заменува.

237. По издавањето на АТА карнетот ниедна стока не може да биде додадена на листата на стока наведена на задната страна на насловната страна на карнетот или на дополнителниот лист приклучен кон него.

238. Преку АТА карнетот, секое здружение гарант се обврзува да ги плати увозните давачки, даноци и други износи во случај на непочитување на условите за привремен увоз, за стоката опфатена во истиот. Обврската на здружението гарант не смее да го надмине износот на увозните давачки и даноци зголемени за 10%. Обврската на здружението гарант, во случај на ЦПД карнет не е поголема од вкупните увозни давачки и даноци со вклучена затезна камата, доколку се наплатува.

239. Кога царинскиот орган ги обработил и без резерва ги раздолжил докуметите за привремен увоз, истиот не може дополнително да бара од здружението гарант плаќање на износот на увозни давачки и даноци за стоката опфатена во нив.

240. Царинскиот орган во никој случај не може да бара од здружението гарант плаќање на увозните давачки и даноци, ако барањето е поднесено во рок од една година по истекот на важноста на АТА карнетот, а во случај на ЦПД карнет во рок од една година од денот кога здружението гарант е известено за нераздолжен ЦПД карнет.

241. Царински орган за ставање во постапка и завршување на постапката на привремен увоз со АТА/ЦПД карнет вообичаено е граничната царинска испостава.

242. Во случај на ставање на стока во постапка, граничната царинска испостава го ги проверува податоците наведени во рубриките од А до Е и важноста на самиот карнет, го заверува делот од листот и талонот наменет посебно за царинскиот орган рубрика Н (Х), крајниот рок за повторен извоз, бројот на регистрација, забелешки (во случај да постојат), назив на царинската испостава и потврда со потпис и печат, и го задржува листот за увоз.

243. Сепак, доколку граничната испостава за ставање во постапка не може да ја започне постапката на привремен увоз, дозволува стоката која е опфатена од АТА/ЦПД карнетот кој се употребува како транзитен документ да биде упатена до внатрешна царинска испостава каде што ќе биде ставена стоката во постапка на привремен увоз.

244. Граничната испостава за ставање во постапка е одговорна за надзор на постапката со тоа што води евиденција во Контролникот за АТА/ЦПД карнети со податоците за имателот на карнет, датумот на ставање на стоките во постапка и рокот за повторен извоз.
245. Царинската испостава каде што постапката на привремен увоз со АТА/ЦПД карнет се завршува, врши проверка на точноста на податоците наведени во самиот карнет во рубриките од А до Е, го заверува листот и талонот наменет за царинскиот орган рубрика Н (Х) и го доставува до царинската испостава каде што стоката била ставени во постапка на привремен увоз со АТА/ЦПД карнет. Оверениот примерок влезната царинската испостава го комплетира, ги споредува податоците и го раздолжува во контролникот за АТА/ЦПД карнети.

## V.5.1 Замена на неважечки АТА/ЦПД карнет со нов

246. Во случај кога постигнувањето на целта на привремен увоз бара период подолг од важноста на карнетот, издавачот може да издаде нов АТА карнет на имателот, кој царинската испостава го прифаќа со проверка на податоците во новиот карнет и го раздолжува стариот АТА карнет.

247. Заменскиот карнет се доставува до царинската испостава одговорна за местото каде што се наоѓа стоката, која ги извршува следните формалности:

- го раздолжува оригиналниот карнет така што купонот за повторен извоз ќе се врати без одлагање во царинската испостава каде е започнатата постапката и
- го прифати заменскиот карнет и го задржува влезниот купон, откако ќе го внесете датумот на повторен извоз од оригиналниот карнет и секое негово продолжение, како и бројот на оригиналниот карнет.

Важењето на ЦПД карнетите може да се продолжи само еднаш и тоа за период не подолг од една година. По истекот на овој рок мора да биде издаден нов карнет издаден во замена на претходниот и прифатен од царинскиот орган.

248. Максималната важност на документите за замена е 12 месеци.

249. Заменски АТА/ЦДП карнетот се прифаќа и во случај на уништување, кражба или губење на АТА/ЦПД карнетот, доколку стоката на која се однесува карнетот се наоѓа на царинското подрачје. Царинските органи се должни да прифатат заменски карнети со рок на траење кој истекува кога ќе истече

периодот на важност на првично прифатениот АТА/ЦПД карнет.

### V.5.2 Постапување со нераздолжени АТА/ЦПД карнети

250. Надлежните влезни гранични царински испоставИ ги следат роковите за повторен извоз на стоки и да го проверуваат раздолжувањето на регистрираните АТА/ЦПД карнети.

251. Доколку влезната царинска испостава не добие потврда дека стоката го напуштила царинското подрачје на Република Северна Македонија во рок од 15 дена по истекот на рокот за повторен извоз на стоката, таа е должна да испрати допис до сите царинските испостави. Во случај кога ниту една царинска испостава не го потврди излезот на стоката, влезната царинска испостава предметот го доставува до Одделението за првостепена управна постапка кое ја води натамошната постапка.

## VI. Начини на завршување на постапката

252. Постапката на привремен увоз завршува на еден од од следните начини:
    - повторен извоз;
    - пуштање во слободен промет;
    - уништување на стоката под царински надзор;
    - пренесување на стоката на друг имател на одобрение за постапка на привремен увоз;
    - друго царински дозволено постапување или употреба, како на пример, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царински надзор, слободна зона.

## VII. Завршни одредби

253. Ова Упатство го применуваат царинските службеници од царинските испостави и Службите за надзор на иматели на одобренија.

254. Помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците се надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство.

255. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на своите надлежности.

256. Сите непосредни раководители се должни со ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

257. Секое постапување спротивно на ова упатство повлекува дисциплинска одговорност.

258. Ова Упатство се објавува на интранет страната на Царинската управа, во важечки упатства во ЕДМС и во Депозитарот на документација на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

259. Ова упатство стапува на сила со денот на негово неговото донесување, а ќе применува од 01.09.2022 година.

Директор
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-032923/22-0001
Скопје, .07.2022 година

26-07-2022

Изработил: Билјана Гаџовска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

Јули 2022